| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Бучиште, КО Петршино, КО Стрмош, КО Пробиштип – општина Пробиштип |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг ТЕКТОН ДООЕЛ – Скопје |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Министерство за транспорт и врски |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Мила Искреновиќ, диа<br>Овластување бр.0.0086 |
| Назив на работното место | Планер |
| Контакт податоци за лицето | ул. Народен Фронт бр.5/12 – Скопје<br>e-mail: tekton.arh@gmail.com |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Бучиште, КО Петршино, КО Стрмош, КО Пробиштип во општина Пробиштип се изработува врз основа на член 58, став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 32/20) и член 62 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22) во однос на содржината.<br>Согласно член 59, став 2 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22), урбанистичкиот проект е планско-проектна документација која структурално се состои од плански и проектен дел.<br>Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Бучиште, КО Петршино, КО Стрмош, КО Пробиштип - општина Пробиштип е изготвен врз основа на: Услови за планирање на просторот изработени од Агенција за планирање на просторот со тех. бр. Тех. бр. Y37023, август 2023 и Решение бр. Арх. бр. УП1-15 1776/2023 од 17.08.2023 година од МЖСПП. |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| Да X<br>Не |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| Предметниот плански опфат досега не бил опфатен со важечки урбанистички план, урбанистичко-планска документација или општ акт. |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| ДА – енергетика. |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планоvи и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |

| |
|---|
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| Не. |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| Планираниот објект е инфрастуктурен енергетски објект за пренос на енергија – електроенергетски вод (далновод и кабловод што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Р. Македонија (обезбедување на услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните земји и останатите европски земји). |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Донесувањето на планскиот документ ќе придонесе за: подобрување на инфрастуктурните услови во ова подрачје и ќе биде во функција на унапредување на енергетскиот сектор, зголемување на енергетската ефикасност во однос на постоечките постројки во секторот енергетика, подобрување на услугите во производство и снабдување со електрична енергија и топлина, намалување на зависноста од увоз на струја, отварање на нови работни места, подобрување на бизнис климата, подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард на населението. Географската положба и сообраќајната поставеност на ова локација одат во прилог за оформување на плански опфат за поставка на Далекувод - |

| |
|---|
| инфрастуктурен енергетски објект за пренос на електрична енергија. |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 2022 година. |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| / |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Бучиште, КО Петршино, КО Стрмош, КО Пробиштип во општина Пробиштип почнува од КП 4 КО Бучиште од планирана ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1, трасата продолжува во правец северозапад низ КО Петршино и КО Стромош. При влезот во КО Пробиштип трасата продолжува во превец североисток кон ТС 110/35/10 Пробиштип каде што се приклучува во постојната ТС Пробиштип. Апроксимативна површина на проектен опфат е 13,71ха. Апроксимативна должина на 110kV далноводот и кабелски вод е 7.15km. Го карактеризира добра сообраќајна поврзаност со мрежата на државни патишта на Република Северна Македонија. Во непосредна близина на проектниот опфат минува регионалниот пат со ознака Р1205 (врска со А3-Пробиштип-Кратово-врска со А2) како и Р2232 - (Бучиште-врска со Р-206-Злетово-хидроакумулација Злетовица). Проектниот опфат е во непосредна близина на селото Бучиште, односно се наоѓа западно од него. Пристап до проектниот опфат е од јавна површина (некатегоризирани патишта, постојни и планирани улица).<br>Во граници на проектниот опфат планирани се 27 површини за градба за столбови со намена Е1.8 -инфраструктура за пренос на електрична енергија.<br>Граница на проектниот опфат на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 110kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Бучиште, КО Петршино, КО Стрмош, КО Пробиштип - општина Пробиштип е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки по X и У координати во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22):<br>X=7597417.0934 Y=4648532.6883<br>X=7598160.2021 Y=4644621.0752<br>X=7598162.0684 Y=4644611.2509<br>X=7598181.7170 Y=4644614.9836<br>X=7598180.8224 Y=4644619.6938<br>X=7598352.3434 Y=4644592.2306<br>X=7598350.4944 Y=4644595.5649<br>X=7598180.2266 Y=4644622.8292<br>X=7598179.8507 Y=4644624.8079<br>X=7597178.8857 Y=4649893.7376<br>X=7597116.7908 Y=4650331.3116<br>X=7597346.5694 Y=4650533.2221<br>X=7597792.9247 Y=4651031.1939<br>X=7597787.9567 Y=4651035.6470<br>X=7597874.6382 Y=4651102.7347<br>X=7597909.4077 Y=4651060.8234<br>X=7597903.2906 Y=4651055.7140<br>X=7597905.2137 Y=4651053.4115<br>X=7597913.6257 Y=4651060.4376<br>X=7597875.0963 Y=4651106.8811<br>X=7597785.6748 Y=4651037.6924<br>X=7597778.0318 Y=4651044.5431<br>X=7597332.4722 Y=4650547.4590<br>X=7597095.4707 Y=4650339.2017<br>X=7597159.1498 Y=4649890.4644<br>X=7597416.5783 Y=4648535.3996<br>X=7597417.3800 Y=4648532.8900<br><br>• Планираната траса се сече со Проект за инфраструткура за изградба на 110kV |

далекувод ТС Штип - ТС Пробиштип, (потврда за заверка бр.71-194/4 од 14.02.2019).

- Планираната траса влегува во планскиот опфат на ДУП за блок 12.1 (одлука бр.07-994/3 од 29.06.2011). Делот од трасата која влегува во ДУП за блок 12.1 (одлука бр.07-994/3 од 29.06.2011) е со должина од 126m.



| **Местоположба на локацијата и ружа на ветрови** |
|---|
|  |

| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
|---|
| Да √<br>Не |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да<br>Не √ |

| Резиме на влијанијата врз животната средина |  |
| --- | --- |
| (Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) |  |
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од:<br>• Несоодветното управување со генерираниот отпад. Во фазата на функционирање на далноводот може да се очекува, евентуално дефект или оштетување на опремата при што потребна е нејзина промена, додека оштетената опрема треба да се откупи од компанија која ќе постапува според законските барања од областа на управување со отпадот, а која ќе поседува лиценца за таа цел добиена од Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. |  |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата; | Со реализацијата на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот.<br>При реализација на содржините во планскиот опфат предвидени со планската документација особено во конструктивната фаза ќе се генерираат емисии во воздухот од градежните активности и од механизацијата, отпад, бучава, вибрации, несакани истекувања и сл. кои може да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на луѓето, воздухот, водата, почвата, биолошката разновидност, пределот и сл.<br>Овие влијанија се оценуваат како можни, локални, повратни и неповратни, краткорочни влијанија. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи, пожари и хаварии. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Општината Пробиштип се наоѓа во североисточниот дел на Република Македонија, во средиштето на Кратовско-Злетовската вулканска и рудна област, во подножјето на Осоговските планини и течението на Злетовска Река. Според последниот попис на население од 2022, вкупниот број на жители на општината изнесува околу 16.500, од кои околу 10.000 жители живеат во градот Пробиштип, а останатите во 36-те населби од просторот, кој го носи историско-географското име Злетовска област. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** |  |
| Поволната географската положба и живописното опкружување, добрите микроклиматски услови, отвореноста на просторот кон далечни пространи видици и добрата диспозиција на локалитетот во однос на сообраќајната поврзаност со општината и пошироко со регионот, одат во прилог на идејата за реализација на овој план. Планирањето и уредувањето на просторот врз принципите на одржлив развој и тоа пред се еколошкиот аспект, економскиот и социјалниот, дозволува концептуално просторот да се третира и добие значење на објект кој ќе придонесе за подобрување на инфрастуктурните услови во ова подрачје и ќе биде во функција на унапредување на енергетскиот сектор. |  |

| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** | |
|---|---|
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот План На република Македонија на просторот за поставување на 110kV далновод и кабел од ТС 110/20 kV ФЕЦ Пробиштип 1 до ТС 110/35/10 kV Пробиштип, КО Бучиште, КО Петршино, КО Стрмош, КО Пробиштип во општина Пробиштип нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за Природа (бр.11-3573 од 19.07.2023): Проектниот опфат наоѓа надвор од границите на заштитените подрачја, во Република Северна Македонија, истата не е во границите на идентификувано Натура 2000 и Емералд подрачје.<br><br>Според добиени податоци и информации од Управа за заштита на културно наследство – Министерство за култура на РСМ (бр.17-2489/2 од 18.08.2023) во граници на проектниот опфат нема заштитени добра ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.<br>Од увидот на локацијата, констатирано е дека во рамки на проектниот опфат како и во негова непосредна близина не постојат споменични целини, културни предели ниту видливи траги од културно наследство. Во текот на постапката доставено е барање за издавање податоци и информации од Министерството за култура, но не е обезбеден одговор во законски утврдениот рок. Согласно од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство на подрачјето на катастарските општини Бучиште, КО Петршино, КО Стрмош, КО Пробиштип има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети:<br>На подрачјето на катастарскита општина Бучиште, евидентиран е еден недвижнен споменик на културата:<br>КО Бучиште<br>1.Археолошки локалитет Чашица, Бучиште, Среден век.<br>На подрачјето на катастарскита општина Бучиште, евидентирани се следните недвижни споменици на културата:<br>1.Археолошки локалитет Грамадиште, Петршино, римски период.<br>2.Археолошки локалитет Под Село, Петршино, доцноримски период.<br>3.Археолошки локалитет Река, Петршино, доцноримски период.<br>4.Археолошки локалитет Црква, Петршино, ранохристијански период.<br>5.Археолошки локалитет Река, Петршино, ранохристијански период.<br>На подрачјето на катастарскита општина Стрмош, евидентирани се следните недвижни споменици на културата:<br>1.Археолошки локалитет Бостаниште, Стрмош, римски период.<br>2.Археолошки локалитет Вировите, Стрмош, неолит.<br>3.Археолошки локалитет Мијалица, Стрмош, римски период.<br>4.Археолошки локалитет Преслап, Стрмош, ранохристијански период.<br>На подрачјето на катастарскита општина Пробиштип, |

| | |
|---|---|
| | евидентирани се следните недвижни споменици на културата:<br>1.Археолошки локалитет Грамадите, Пробиштип, доцноримски период.<br>2.Археолошки локалитет Гускарник, Пробиштип, доцноримски период.<br>3.Споменик на паднатите борци во НОВ, Пробиштип, 20 век.<br>Според Археолошката карта на Република Македонија на анализираното подрачје на катастарска општина Бучиште нема евидентирани археолошки локалитети.<br>Според Археолошката карта на Република Македонија на анализираното подрачје се евидентирани следните археолошки локалитети<br>КО Петршино: Под Селото, некропола од римско време на источнатапериферија на селото покрај патот кој води кон реката Киселица.<br>КО Стрмош: Преслап, старохристијанска црква.<br>КО Пробиштип: нема евидентирани археолошки локалитети |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Проектниот опфат претставува неизградено земјиште. Во граници на проектниот опфат постојат два помошни објекта ($34m^2$) на КП 973/13, КО Пробиштип (сопственост на РСМ) кој се наменети за чување на живина и друг ситен добиток. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Со Урбанистичкиот проект се создаваат предуслови за развој на локалната економија и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање данок на имот што претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа. Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани.

Целта на изработката на овој план е создавање услови за организација и ефикасно користење на просторот, обезбедување стабилност во снабдување на електрична енергија, подобрување на инфрастуктурните услови во ова подрачје и ќе биде во функција на унапредување на енергетскиот сектор, зголемување на енергетската ефикасност во однос на постоечките постројки во секторот енергетика, подобрување на услугите во производство и снабдување со електрична енергија и топлина, намалување на зависноста од увоз на струја, отварање на нови работни места, подобрување на бизнис климата, подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард на населениетот.

Имплементацијата на планскиот документ со својата намена на унапредување на енергетскиот сектор, зголемување на енергетската ефикасност во однос на постоечките постројки во секторот енергетика, подобрување на услугите во производство и снабдување со електрична енергија и топлина е во насока на реализација на генералните цели на одржливиот развој преку обезбедување на услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните земји и останатите европски земји. Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина.

| |
|---|
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br>Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти. |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**<br>Преку одржливиот развој ќе се создадат услови за планирање на организиран простор за градба кој ќе биде реализиран и ќе претставува нов циклус во развојот на економијата и стопанството, а во исто време ќе допринесе и за заштита на животната средина. Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:<br>- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;<br>- Допринос во локалната и национална економија. |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**<br>Неправилно управување со отпадот може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br>Овој план е поврзан со:<br>• Просторен план на РМ;<br>• Национален план за управување со отпад;<br>• Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;<br>• Национална стратегија за одржлив развој;<br>• Втор национален еколошки акционен план на РМ;<br>• Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;<br>• Стратегија за мониторинг на животната средина. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br>Опфатот не бил разгледуван во друг плански документ и за истиот нема претходно спроведено стратегиска оцена. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br>Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата |

| | | |
|---|---|---|
| врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.<br>Овој проект спаѓа во Уредбата за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина Прилог 1 Точка XI - Инфрастуктурни проекти, потточка 20 – Далноводи со напонско ниво од 1 kV до 110 10 kV. | | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. | |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Министер<br>Благој Бочварски | |
| Бр. 67-345/9<br>Датум: 14.05.2024 година<br>Место: Скопје | М.П. | |